Во прилогот на Алсат-М во врска со лустрацијата, е пренесена изјавата на Сашо Клековски.

**МПЦ согласна за предлозите за лустрација, ИВЗ молчи**

МПЦ нема ништо против, ИВЗ молчи за новите предлози за лустрација со кои се опфатени и верските заедници. Ставот на Македонската православна црква што за АЛСАТ М го пренесе нејзиниот портпарол Тимотеј е дека „МПЦ никогаш не побарала нејзините членови да биде исклучена од овој закон. Кој направил такво нешто во минатото, сега нека одговара за тоа“.

Поддршка за новите измени има и од Здружението на новинарите на Македонија. Претседателот Селмани вели дека лустрирањето на новинарите е за доброто и за професијата и за слободата на медиумите.

Извор: Алсат-М (21 јануари 2011)